**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-4571а/9
Датум: 30.06.2025
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ И ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4.3 – СЕМЕЈНИ КУЌИ ЗА ВРЕМЕН ПРЕСТОЈ – ВИКЕНД КУЌИ, НА КП 1114 КО НЕРЕЗИ ВОН ГР., ОПШТИНА КАРПОШ.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели и изградба на објекти со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи, на КП 1114 КО Нерези вон гр., Општина Карпош, со својата местоположба припаѓа на катастарска општина Нерези вон гр., Општина Карпош.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели и изградба на објекти со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи, на КП 1114 КО Нерези вон гр., Општина Карпош, се изработува врз основа на добиени Услови за планирање од страна на Агенција за планирање на просторот со Y51324, од Јануари 2025 година и добиено Решение за услови за планирање од Министерство за живота средина со арх.бр 15-588/2 од 19.02.2025 година.

Деловите на катастарските парцели кои се планирани во рамките на проектниот опфат, а ќе бидат надвор од планираната градежна парцела, ќе се планираат како земјиште за општа употреба со намена Е1.1 – Сообраќајна инфраструктура (сообраќајници).

Пристапот до планираните градежни парцели е овозможен од југозападната страна преку КП 3384 КО Нерези која ќе се планира со намена земјиште за општа употреба - асфалтиран коловоз и која во моментот се употребува како постоен некатегоризиран пат.

Границата на проектниот опфат е опишана на следниот начин:
На исток се граничи КП 1113/1 КО Нерези вон гр.и во една точка ја тангира КП 1112/1 КО Нерези вон гр., на север се граничи со КП 3399/1 и КП 1115 КО Нерези вон гр., додека пак на југо-запад се граничи со постоен пат опфатен со КП 3384 КО Нерези.
Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 3339 m², односно 0,33 ha.
Периметарот на проектниот опфат изнесува 301,26 m’.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Јавната акета за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели и изградба на објекти со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи, на КП 1114 КО Нерези вон гр., Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веb страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена, од 30.07.2025 година до 15.07.2025 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.